Бр./Nr 12-276/2

30-01-2024 /v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-4904/1 од 13.10.2023 година, во врска со избор на наставник на Факултетот за ------------ при Универзитетот „---------------" (------) – ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и има донесено одлука од своја надлежност, заведена со број 09-2634/15 од 03.10.2023 година.

Предметот со број 12-4904/1 од 13.10.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на непознат подносител, на ден 13.10.2023 година, поднесена е пријава во врска со избор на наставник на Факултетот за ---------- при Универзитетот „-----------" (-----------) – -----------и оформен е предмет број 12-4904/1 од 13.10.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека врз основа на претходно распишан конкурс каде при спроведената постапка и доставената документација од двајца кандидати бил извршен избор на кандидатот д-р ------------- која пак била второрангирана според утврдените три критериуми за избор.

Направениот избор на кандидат бил извршен со влијание на лицето ------------а која пак била Раководител на Секторот за финансии, сметководство, инвестиции и развој при Ректоратот на --------------, а воедно била мајка на избраната кандидатка д-р -----------------.

Пријавата е поднесена со цел утврдување на непотизам кој бил штетен за развојот на Униветзитетот.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Заради утврдување на фактичката состојба ДКСК достави Барање за доставување на информации до Државниот просветен инспекторат со кое побара да да биде доставена информација од надлежност на инспекторатот.

Државниот просветен инспекторат достави известување во кое е наведено дека во деновите 06,07,09 и 10.11.2023 година бил извршен вонреден инспекциски надзор на Универзитетот „----------------------" – ------------- по што бил изготвен Записник со број ---------- од --------.2023 година и истиот бил доставен до ДКСК по претходно доставено Барање заведено со број 09-5170 од 18.12.2023 година.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и донесена е одлука од нејзина надлежност, заведена со број 09-2634/15 од 03.10.2023 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р К.З
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk